# Народна банка на Република Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на првиот квартал од 2018 година

јуни 2018 година

**Бруто надворешниот долг,** на крајот на март 2018 година, изнесува 8.298 милиони евра и во текот на првиот квартал е зголемен за 895 милиони евра. Зголемувањето на бруто надворешниот долг делумно произлегува од зголемувањето на обврските на монетарната власт (централната банка) врз основа на репо-трансакциите на Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1]. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е зголемен за 603 милиони евра, поради зголемувањето на приватниот долгот за 303 милиони евра и на јавниот долг за 299 милиони евра. Зголемувањето во јавниот долг во голем дел е како резултат на издавањето нова емисија на еврообврзници од страна на државата (во износ од 500 милиони евра), којшто во еден дел се нетира со истовремениот откуп на еврообврзници од четвртата емисија во износ од 92 милиона евра.

**Бруто надворешните побарувања** изнесуваат 5.191 милион евра и бележат квартално зголемување за 669 милиони евра, што во најголем дел е поврзано со зголемувањето на побарувањата врз основа на обратни репо-трансакции на централната банка. Доколку се исклучи нивното влијание, бруто-побарувањата се зголемени за 378 милиони евра, од кои 242 милиона евра се зголемени јавни побарувања. Следствено, **нето надворешниот долг** во првиот квартал од 2018 година е зголемен за 226 милиони евра и изнесува 3.106 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција,** во текот на првиот квартал од 2018 година, е зголемена за 302 милиона евра, што произлегува од истовремениот пораст на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 226 милиони евра) и врз основа на сопственички инструменти (за 77 милиони евра). Со тоа, на крајот на првиот квартал на 2018 година, негативната нето МИП достигна 6.324 милиони евра, или 60% од проектираниот БДП. Најголемиот дел (79,6%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, во кои сопственичкиот капитал учествува со 73,1%.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2017 | | 31.03.2018 | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7.403,4** | **73,6** | **8.298,0** | **78,7** | **894,6** | **12,1** | **5,2** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7.403,4** | **73,6** | **8.005,9** | **76,0** | **602,5** | **8,1** | **2,4** |
| Долгорочен долг | 5.624,4 | 55,9 | 5.998,1 | 56,9 | 373,7 | 6,6 | 1,0 |
| Краткорочен долг | 1.779,0 | 17,7 | 2.299,9 | 21,8 | 520,9 | 29,3 | 4,1 |
| Јавен долг | 3.461,7 | 34,4 | 4.053,0 | 38,5 | 591,2 | 17,1 | 4,1 |
| Приватен долг | 3.941,7 | 39,2 | 4.245,0 | 40,3 | 303,3 | 7,7 | 1,1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4.522,6** | **44,9** | **5.191,5** | **49,3** | **668,9** | **14,8** | **4,3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обрат*** | **4.522,6** | **44,9** | **4.900,3** | **46,5** | **377,8** | **8,4** | **1,6** |
| **Нето надворешен долг** | **2.880,8** | **28,6** | **3.106,5** | **29,5** | **225,7** | **7,8** | **0,9** |
| **МИП, нето** | **-6.021,6** | **-59,8** | **-6.323,9** | **-60,0** | **-302,4** | **5,0** | **-0,2** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 7.6.2018 година). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




Бруто надворешниот долг, на 31 март 2018 година, изнесува 8.298 милиони евра, или 78,7% од проектираниот БДП за оваа година. Притоа, во првиот квартал од годината долгот е зголемен за 895 милиони евра (или 12,1%). Доколку се исклучат репо-трансакциите на централната банка, долгот на квартална основа би бил повисок за 603 милиони евра.

Извор: НБРМ.




Во првиот квартал е забележан пораст на учеството на јавниот бруто надворешен долг во вкупниот бруто-долг за 2,1 п.п., но во структурата и натаму минимално преовладува приватниот надворешен долг.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

И покрај кварталниот раст на учеството на краткорочниот долг (за 3,7 п.п.), рочната структура на бруто надворешниот долг и натаму е поволна, при што 72,3% од вкупниот долг отпаѓа на долгорочниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголемо учество во бруто надворешниот долг има државата (34,7%), додека долгот кон капитално поврзаните субјекти и долгот на останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва) изнесува 27,3% и 26,9%, соодветно.




Извор: НБРМ.

Анализата по должнички инструменти покажува дека најголем дел од надворешната задолженост е врз основа на заеми (53,8%), по што следуваат должничките хартии од вредност (21,9%) и трговските кредити (20,8%).




Извор: НБРМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми, како најзастапен должнички инструмент, покажува најголемо учество на обврските деноминирани во евра (79,4%).




Извор: НБРМ.

Растот на вкупниот бруто надворешен долг, во првиот квартал на 2018 година, во поголем дел произлегува од зголемениот јавен долг (за 591 милион евра), при истовремен пораст и на приватниот долг (за 303 милиони евра). Без обврските врз основа на репо-трансакциите на централната банка, јавниот долг во текот на првиот квартал е зголемен за 299 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Кварталниот пораст на вкупниот јавен надворешен долг од 591 милион евра главно е резултат на зголемувањето на долгот на државата (за 315 милиони евра) и на централната банка (за 291 милион евра). Зголемениот долг на државата произлегува од новата емисија на еврообврзници (во вредност од 500 милиони евра), којшто во еден дел е нетиран со предвремениот откуп на издадени еврообврзници (за 92 милиона евра) и редовните отплати на кредитите кон странските комерцијални банки.




Извор: НБРМ.

Растот на приватниот надворешен долг главно произлегува од зголемените обврски на капитално поврзаните субјекти (за 177 милиони евра) и на небанкарскиот приватен сектор (за 126 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталните промени според институционални сектори укажуваат на најголем раст кај обврските на државата и централната банка, по што следува раст на долгот на капитално поврзаните субјекти и останатите сектори, наспроти намалувањето на долгот на депозитните институции.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања во првиот квартал на 2018 година се зголемени за 669 милиони евра (14,8%) и на крајот на првиот квартал од годината достигнаа 5.191 милион евра, односно 49,3% од проектираниот БДП за оваа година.




Извор: НБРМ.

Во структурата на вкупните побарувања од нерезидентите, на крајот на првиот квартал, учеството на јавните и приватните побарувања е речиси подеднакво, поради кварталниот раст на побарувањата на јавниот сектор (зголемено учество за 4,3 п.п.).




Извор: НБРМ.

Долгорочните побарувања бележат минимален квартален раст од 0,7 п.п. и изнесуваат 42,7% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Анализирано по институционални сектори, повеќе од половината од бруто надворешните побарувања се на централната банка (50,7%). Потоа следуваат побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиските трговски друштва) со 18,6%, капитално поврзаните субјекти со 17,4% и депозитните институции со 13,3%.




Извор: НБРМ.

Од аспект на финансиските инструменти, најголемо учество во структурата на бруто надворешните побарувања имаат должничките хартии од вредност (42%). Потоа следат, трговските кредити и аванси (28,2%), валутите и депозитите (16,2%) и заемите (13,5%).




Извор: НБРМ

Растот на вкупните бруто надворешни побарувања, во првиот квартал на 2018 година, во поголем дел произлегува од растот на јавните побарувања за 533 милиони евра (главно пласмани на централната банка). Истовремено се зголемени и побарувањата на приватниот сектор за 136 милиони евра. Без пласманите на централната банка во обратни репо-трансакции, јавните побарувања се зголемени за 242 милиона евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на приватните надворешни побарувања произлегува од зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (55 милиони евра), побарувањата на небанкарскиот приватен сектор (51 милион евра), како и на побарувањата на приватните банки (30 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, порастот на побарувањата на централната банка за 533 милиони евра се главен двигател на кварталниот раст на побарувањата, додека помал квартален раст бележиме и кај сите други институционални сектори.




Извор:НБРМ.

Во првиот квартал од 2018 година, нето надворешниот долг е зголемен за 226 милиони евра (7,8%), како резултат на поизразениот раст на бруто-долгот во однос на растот на бруто-побарувањата. Нето надворешниот долг, на 31.3.2018 година, достигна износ од 3.106 милиони евра, или 29,5% од проектираниот БДП за оваа година.




Извор:НБРМ.

Кварталниот раст на нето-долгот во износ од 226 милиони евра се должи на зголемениот приватен нето-долг за 168 милиони евра, додека јавниот нето-долг е зголемен за 58 милиони евра.




Извор:НБРМ.

Од аспект на структурата на нето надворешниот долг според институционалните сектори, нето-кредитори кон странство се централната банка и депозитните институции. Секторот „држава" и капитално поврзаните субјекти, како и останатите сектори, на нето-основа, се должници кон нерезиденти.




Извор: НБРМ.

На крајот на првиот квартал од 2018 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) достигна 6.324 милиони евра, што претставува квартално зголемување од 302 милиона евра (5%). Сепак, нето МИП, на 31.3.2018 година, изнесува 60% од проектираниот БДП за 2018 година, што е квартален раст од 0,2 п.п.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, 79,6% од нето-обврските произлегуваат од директни инвестиции, од кои 3.679 милиони, односно 73,1%, се нето-обврски врз основа на сопственички капитал.



Извор: НБРМ.

Кварталното зголемување на негативната нето МИП се должи на поизразениот раст на обврските (за 984 милиони евра) во однос на средствата (за 682 милиона евра).



Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, кварталната промена на нето МИП во поголем дел произлегува од зголемените нето-обврски врз основа на должнички инструменти (за 226 милиони евра), при раст и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 77 милиони евра, соодветно).



Извор: НБРМ.

Растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти, во првиот квартал од 2018 година, произлегува од зголемувањето на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 103,2 милиона евра, главно заради реинвестирање на добивката) и намалувањето на монетарното злато (за 1,3 милиони евра), делумно нетирани со намалените нето-обврски врз основа на сопственички хартии од вредност кај портфолио-инвестициите (за 28 милиони евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

## Бруто надворешен долг

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 136.1 | 142.8 | 134.6 | 174.2 | 153.8 | 204.9 | 153.4 | 195.2 | 191.8 | -3.4 | -1.8 |
| Должнички хартии од вредност | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 755.7 | 769.6 | 790.0 | 1,308.1 | 1,277.6 | 1,310.0 | 1,354.8 | 1,359.6 | 1,401.8 | 1,821.1 | 419.3 | 29.9 |
| Заеми | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,153.8 | 4,515.4 | 4,549.3 | 4,644.7 | 4,326.2 | 4,637.2 | 4,549.5 | 4,491.0 | 4,214.5 | 4,465.8 | 251.4 | 6.0 |
| Трговски кредити и аванси | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,144.9 | 1,305.9 | 1,291.8 | 1,315.2 | 1,340.8 | 1,517.4 | 1,514.0 | 1,546.0 | 1,499.2 | 1,727.2 | 228.0 | 15.2 |
| Останати обврски | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 81.6 | 82.8 | 81.6 | 83.2 | 83.0 | 80.1 | 78.4 | 78.2 | 77.5 | -0.7 | -0.9 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,813.1** | **6,861.2** | **7,488.7** | **7,216.6** | **7,715.9** | **7,717.7** | **7,642.9** | **7,403.4** | **8,298.0** | **894.6** | **12.1** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,123.9 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 314.7 | 12.3 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | 369.6 | 291.4 | 372.5 |
| Депозитни институции, освен централна банк | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 585.9 | 563.3 | 565.7 | 571.6 | 591.7 | 556.3 | 609.7 | 552.7 | 562.2 | 552.1 | -10.1 | -1.8 |
| Останати сектори | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,845.6 | 1,886.6 | 1,888.8 | 1,918.9 | 2,077.5 | 2,071.7 | 2,050.0 | 2,077.6 | 2,112.3 | 2,233.6 | 121.3 | 5.7 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,684.7 | 1,854.3 | 1,898.0 | 1,907.4 | 1,952.2 | 2,106.3 | 2,128.4 | 2,106.0 | 2,084.7 | 2,261.9 | 177.3 | 8.5 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,813.1** | **6,861.2** | **7,488.7** | **7,216.6** | **7,715.9** | **7,717.7** | **7,642.9** | **7,403.4** | **8,298.0** | **895** | **12.1** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.3** | **70.1** | **70.6** | **77.0** | **74.2** | **76.7** | **76.7** | **75.9** | **73.6** | **78.7** | | 5.2 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,290.5*** | ***6,509.8*** | ***6,574.0*** | ***7,136.3*** | ***7,216.6*** | ***7,362.3*** | ***7,465.2*** | **7,338.3** | **7,403.4** | **8,005.9** | **603** | **8.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***69.3*** | ***67.0*** | ***67.6*** | ***73.4*** | ***74.2*** | ***73.1*** | ***74.2*** | ***72.9*** | ***73.6*** | ***76.0*** | | 2.4 |
| Долгорочен долг | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,949.5 | 5,009.4 | 5,046.4 | 5,586.6 | 5,633.9 | 5,631.4 | 5,664.2 | 5,539.4 | 5,624.4 | 5,998.1 | 373.7 | 6.6 |
| Краткорочен долг | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,341.0 | 1,803.7 | 1,814.8 | 1,902.1 | 1,582.7 | 2,084.5 | 2,053.5 | 2,103.6 | 1,779.0 | 2,299.9 | 520.9 | 29.3 |
| Долгорочен долг% | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 78.7 | 73.5 | 73.6 | 74.6 | 78.1 | 73.0 | 73.4 | 72.5 | 76.0 | 72.3 | | -3.7 |
| Краткорочен долг% | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 21.3 | 26.5 | 26.4 | 25.4 | 21.9 | 27.0 | 26.6 | 27.5 | 24.0 | 27.7 | | 3.7 |
| Долгорочен долг/БДП % | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 54.6 | 51.5 | 51.9 | 57.5 | 57.9 | 55.9 | 56.3 | 55.0 | 55.9 | 56.9 | | 1.0 |
| Краткорочен долг/БДП % | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 14.8 | 18.6 | 18.7 | 19.6 | 16.3 | 20.7 | 20.4 | 20.9 | 17.7 | 21.8 | | 4.1 |
| **Јавен долг** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **2,933.7** | **3,279.1** | **3,282.8** | **3,890.9** | **3,445.3** | **3,819.9** | **3,741.0** | **3,710.2** | **3,461.7** | **4,053.0** | **591** | **17.1** |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,123.9 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 314.7 | 12.3 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | 369.6 | 291.4 | 372.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.1 | 800.0 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.5 | 802.7 | -14.9 | -1.8 |
| **Приватен долг** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,356.9** | **3,534.0** | **3,578.4** | **3,597.8** | **3,771.2** | **3,896.0** | **3,976.8** | **3,932.8** | **3,941.7** | **4,245.0** | **303** | **7.7** |
| Јавен долг% | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 46.6 | 48.1 | 47.8 | 52.0 | 47.7 | 49.5 | 48.5 | 48.5 | 46.8 | 48.8 | | 2.1 |
| Приватен долг% | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 53.4 | 51.9 | 52.2 | 48.0 | 52.3 | 50.5 | 51.5 | 51.5 | 53.2 | 51.2 | | -2.1 |
| Јавен долг/БДП % | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 32.3 | 33.7 | 33.8 | 40.0 | 35.4 | 37.9 | 37.2 | 36.9 | 34.4 | 38.5 | | 4.1 |
| Приватен долг/БДП % | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 37.0 | 36.3 | 36.8 | 37.0 | 38.8 | 38.7 | 39.5 | 39.1 | 39.2 | 40.3 | | 1.1 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 7.6.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела2

## Бруто надворешни побарувања

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 900.8 | 901.4 | 770.8 | 791.3 | 891.4 | 1,015.7 | 909.0 | 784.5 | 1,002.0 | 843.2 | -158.7 | -15.8 |
| Должнички хартии од вредност | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,773.3 | 1,744.1 | 1,668.9 | 2,181.6 | 2,122.6 | 1,841.8 | 1,805.6 | 1,865.6 | 1,750.2 | 2,180.0 | 429.8 | 24.6 |
| Заеми | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 244.8 | 580.2 | 556.4 | 614.8 | 258.4 | 756.5 | 636.5 | 643.4 | 394.6 | 700.1 | 305.6 | 77.4 |
| Трговски кредити и аванси | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,113.7 | 1,244.5 | 1,332.4 | 1,326.2 | 1,309.2 | 1,354.7 | 1,424.5 | 1,472.6 | 1,371.5 | 1,464.0 | 92.5 | 6.7 |
| Останати побарувања | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 2.0 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.6 | 0.7 | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.0 | 7.5 |
| Специјални права на влечење | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.4 | 4.2 | 4.1 | 4.0 | -0.2 | -4.2 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,477.0** | **4,333.8** | **4,919.2** | **4,587.0** | **4,974.0** | **4,780.4** | **4,770.5** | **4,522.6** | **5,191.5** | **668.9** | **14.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | 2,630.2 | 533.3 | 25.4 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 641.4 | 634.1 | 554.6 | 544.4 | 653.2 | 582.5 | 556.3 | 623.0 | 658.9 | 688.9 | 30.0 | 4.6 |
| Останати сектори | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 799.6 | 836.9 | 898.0 | 851.0 | 857.6 | 903.4 | 909.3 | 891.3 | 916.0 | 966.5 | 50.5 | 5.5 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 534.4 | 665.4 | 695.1 | 730.8 | 706.0 | 827.6 | 875.8 | 920.4 | 850.8 | 905.9 | 55.1 | 6.5 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,477.0** | **4,333.8** | **4,919.2** | **4,587.0** | **4,974.0** | **4,780.4** | **4,770.5** | **4,522.6** | **5,191.5** | **668.9** | **14.8** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **44.5** | **46.0** | **44.6** | **50.6** | **47.2** | **49.4** | **47.5** | **47.4** | **44.9** | **49.3** | | **4.3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,039.4*** | ***4,173.6*** | ***4,046.6*** | ***4,566.1*** | ***4,587.0*** | ***4,592.1*** | ***4,500.3*** | ***4,464.8*** | ***4,522.6*** | ***4,900.3*** | **377.8** | **8.4** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо/БДП %*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***44.5*** | ***42.9*** | ***41.6*** | ***47.0*** | ***47.2*** | ***45.6*** | ***44.7*** | ***44.4*** | ***44.9*** | ***46.5*** | | **1.6** |
| Долгорочни побарувања | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,024.7 | 1,989.9 | 1,915.1 | 2,373.3 | 2,284.6 | 2,073.8 | 1,928.3 | 1,909.0 | 1,899.0 | 2,218.3 | 319.3 | 16.8 |
| Краткорочни побарувања | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,014.7 | 2,487.1 | 2,418.8 | 2,545.9 | 2,302.4 | 2,900.2 | 2,852.1 | 2,861.5 | 2,623.6 | 2,973.2 | 349.6 | 13.3 |
| Долгорочни побарувања% | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 50.1 | 44.4 | 44.2 | 48.2 | 49.8 | 41.7 | 40.3 | 40.0 | 42.0 | 42.7 | | 0.7 |
| Краткорочни побарувања% | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 49.9 | 55.6 | 55.8 | 51.8 | 50.2 | 58.3 | 59.7 | 60.0 | 58.0 | 57.3 | | -0.7 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 22.3 | 20.5 | 19.7 | 24.4 | 23.5 | 20.6 | 19.2 | 19.0 | 18.9 | 21.0 | | 2.2 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 22.2 | 25.6 | 24.9 | 26.2 | 23.7 | 28.8 | 28.3 | 28.4 | 26.1 | 28.2 | | 2.1 |
| **Јавни побарувања** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,064.1** | **2,340.6** | **2,186.1** | **2,793.1** | **2,370.2** | **2,660.6** | **2,438.9** | **2,335.7** | **2,096.8** | **2,630.2** | **533.3** | **25.4** |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | 2,630.2 | 533.3 | 25.4 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | |
| **Приватен побарувања** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,975.3** | **2,136.4** | **2,147.8** | **2,126.1** | **2,216.7** | **2,313.5** | **2,341.4** | **2,434.7** | **2,425.7** | **2,561.3** | **135.6** | **5.6** |
| Јавни побарувања% | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 51.1 | 52.3 | 50.4 | 56.8 | 51.7 | 53.5 | 51.0 | 49.0 | 46.4 | 50.7 | | 4.3 |
| Приватни побарувања% | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 48.9 | 47.7 | 49.6 | 43.2 | 48.3 | 46.5 | 49.0 | 51.0 | 53.6 | 49.3 | | -4.3 |
| Јавни побарувања/БДП % | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 22.8 | 24.1 | 22.5 | 28.7 | 24.4 | 26.4 | 24.2 | 23.2 | 20.8 | 25.0 | | 4.1 |
| Приватни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.8 | 22.0 | 22.1 | 21.9 | 22.8 | 23.0 | 23.3 | 24.2 | 24.1 | 24.3 | | 0.2 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 7.6.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

## Нето надворешен долг
(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -752.3 | -765.3 | -628.0 | -656.7 | -717.2 | -861.9 | -704.1 | -631.1 | -806.7 | -651.4 | 155.3 | -19.2 |
| Должнички хартии од вредност | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,017.6 | -974.5 | -878.9 | -873.5 | -845.0 | -531.8 | -450.9 | -505.9 | -348.4 | -358.9 | -10.5 | 3.0 |
| Заеми | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,909.0 | 3,935.2 | 3,992.9 | 4,030.0 | 4,067.8 | 3,880.8 | 3,913.0 | 3,847.6 | 3,819.9 | 3,765.7 | -54.2 | -1.4 |
| Трговски кредити и аванси | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 31.1 | 61.4 | -40.6 | -11.0 | 31.6 | 162.7 | 89.5 | 73.4 | 127.7 | 263.3 | 135.5 | 106.1 |
| Останати обврски | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 2.5 | 2.4 | 3.9 | 3.7 | 14.0 | 13.8 | 14.3 | 14.4 | 14.3 | 14.3 | 0.0 | -0.1 |
| Специјални права на влечење | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.4 | 77.0 | 78.0 | 77.0 | 78.5 | 78.3 | 75.6 | 74.2 | 74.1 | 73.6 | -0.5 | -0.7 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,527.4** | **2,569.5** | **2,629.6** | **2,741.8** | **2,937.4** | **2,872.5** | **2,880.8** | **3,106** | **226** | **7.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,114.6 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 314.7 | 12.3 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -2,260.6 | -241.9 | 12.0 |
| Депозитни институции, освен централна | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -55.4 | -70.7 | 11.1 | 27.2 | -61.5 | -26.2 | 53.4 | -70.3 | -96.7 | -136.8 | -40.1 | 41.5 |
| Останати сектори | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 1,046.1 | 1,049.7 | 990.7 | 1,067.9 | 1,220.0 | 1,168.3 | 1,140.7 | 1,186.4 | 1,196.3 | 1,267.1 | 70.8 | 5.9 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,150.4 | 1,188.9 | 1,202.8 | 1,176.5 | 1,246.2 | 1,278.7 | 1,252.5 | 1,185.6 | 1,233.9 | 1,356.1 | 122.2 | 9.9 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,527.4** | **2,569.5** | **2,629.6** | **2,741.8** | **2,937.4** | **2,872.5** | **2,880.8** | **3,106.5** | **225.7** | **7.8** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **24.8** | **24.0** | **26.0** | **26.4** | **27.0** | **27.2** | **29.2** | **28.5** | **28.6** | **29.5** | | **0.9** |
| Долгорочен нето долг | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,924.9 | 3,019.6 | 3,131.4 | 3,213.3 | 3,349.3 | 3,557.6 | 3,735.9 | 3,630.4 | ***3,725.4*** | 3,779.8 | 54.4 | 1.5 |
| Краткорочен нето долг | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -673.7 | -683.4 | -604.0 | -643.8 | -719.7 | -815.7 | -798.6 | -757.9 | **-844.6** | -673.3 | 171.3 | -20.3 |
| Долгорочен нето долг% | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 129.9 | 129.3 | 123.9 | 125.1 | 127.4 | 129.8 | 127.2 | 126.4 | 129.3 | 121.7 | | -7.6 |
| Краткорочен нето долг% | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -29.9 | -29.3 | -23.9 | -25.1 | -27.4 | -29.8 | -27.2 | -26.4 | **-29.3** | -21.7 | | 7.6 |
| Долгорочен нето долг/БДП % | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 32.2 | 31.1 | 32.2 | 33.0 | 34.4 | 35.3 | 37.1 | 36.1 | 37.0 | 35.9 | | -1.1 |
| Краткорочен нето долг/БДП % | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -7.4 | -7.0 | -6.2 | -6.6 | -7.4 | -8.1 | -7.9 | -7.5 | **-8.4** | -6.4 | | 2.0 |
| **Јавен нето долг** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **869.6** | **938.6** | **1,096.8** | **1,097.8** | **1,075.1** | **1,159.3** | **1,302.1** | **1,374.4** | 1,364.9 | **1,422.8** | **58** | **4.2** |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,114.6 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 315 | 12.3 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | **-2,018.6** | -2,260.6 | -242 | 12.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.1 | 800.0 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.5 | 802.7 | -15 | -1.8 |
| **Приватен нето долг** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,381.6** | **1,397.6** | **1,430.6** | **1,471.6** | **1,554.5** | **1,582.5** | **1,635.3** | **1,498.1** | 1,516.0 | **1,683.7** | **168** | **11.1** |
| Јавен нето долг% | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 38.6 | 40.2 | 43.4 | 42.7 | 40.9 | 42.3 | 44.3 | 47.8 | **47.4** | 45.8 | | -1.6 |
| Приватен нето долг% | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 61.4 | 59.8 | 56.6 | 57.3 | 59.1 | 57.7 | 55.7 | 52.2 | **52.6** | 54.2 | | 1.6 |
| Јавен нето долг/БДП % | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 9.6 | 9.7 | 11.3 | 11.3 | 11.1 | 11.5 | 12.9 | 13.7 | 13.6 | 13.5 | | -0.1 |
| Приватен нето долг/БДП % | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 15.2 | 14.4 | 14.7 | 15.1 | 16.0 | 15.7 | 16.2 | 14.9 | **15.1** | 16.0 | | 0.9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 7.6.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 4

## **Меѓународна инвестициска позиција**
(милиони евра)

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1-2017 | Кв.2-2017 | Кв.3-2017 | Кв.4-2017 | Кв.1-2018 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3.612,5** | **-3.629,5** | **-3.965,8** | **-4.177,6** | **-4.558,4** | **-4.549,0** | **-5.082,7** | **-5.576,0** | **-5.778,9** | **-5.979,4** | **-5.903,3** | **-6.021,6** | **-6.323,9** | **-302,4** | **5,0** |
| Средства | 2.785,5 | 3.258,4 | 4.113,2 | 4.257,5 | 4.082,5 | 4.634,0 | 4.571,9 | 5.171,3 | 5.576,9 | 5.388,2 | 5.398,6 | 5.162,8 | 5.844,5 | **681,7** | **13,2** |
| Обврски | 6.398,0 | 6.887,9 | 8.079,0 | 8.435,1 | 8.640,8 | 9.183,0 | 9.654,6 | 10.747,3 | 11.355,8 | 11.367,6 | 11.301,9 | 11.184,4 | 12.168,4 | **984,0** | **8,8** |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-53,4** | **-51,1** | **-52,6** | **-55,1** | **-55,9** | **-53,1** | **-56,0** | **-57,3** | **-57,4** | **-59,4** | **-58,6** | **-59,8** | **-60,0** | | **-0,2** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -1.055,8 | -1.067,8 | -1.417,4 | -1.539,9 | -1.561,0 | -2.071,9 | -2.072,0 | -2.508,0 | -2.541,1 | -2.593,1 | -2.519,5 | -2.562,0 | -2.876,7 | -314,7 | 12,3 |
| МИП, нето-централна банка | 1.526,7 | 1.638,8 | 1.991,8 | 2.095,8 | 1.920,4 | 2.358,9 | 2.179,2 | 2.530,9 | 2.480,5 | 2.348,1 | 2.194,6 | 2.258,7 | 2.499,3 | 240,6 | 10,7 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната ба | -361,5 | -416,8 | -420,6 | -536,6 | -580,1 | -534,5 | -541,2 | -574,3 | -609,1 | -688,1 | -566,7 | -537,6 | -473,5 | 64,1 | -11,9 |
| МИП, нето-останати сектори | -3.721,9 | -3.783,8 | -4.119,5 | -4.196,8 | -4.337,6 | -4.301,6 | -4.648,7 | -5.024,6 | -5.109,2 | -5.046,3 | -5.011,6 | -5.180,7 | -5.473,0 | -292,3 | 5,6 |
| **МИП, нето** | **-3.612,5** | **-3.629,5** | **-3.965,8** | **-4.177,6** | **-4.558,4** | **-4.549,0** | **-5.082,7** | **-5.576,0** | **-5.778,9** | **-5.979,4** | **-5.903,3** | **-6.021,6** | **-6.323,9** | **-302,4** | **5,0** |
| Директни инвестиции, нето | -3.074,7 | -3.181,3 | -3.520,8 | -3.613,3 | -3.867,9 | -3.902,7 | -4.296,3 | -4.580,3 | -4.714,0 | -4.692,7 | -4.636,7 | -4.809,4 | -5.034,8 | -225,4 | 4,7 |
| Портфолио инвестиции, нето | -405,5 | -372,7 | -279,2 | -345,2 | -145,5 | -621,7 | -636,2 | -1.107,0 | -1.137,0 | -1.169,3 | -1.151,1 | -1.177,3 | -1.569,2 | -391,9 | 33,3 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | -3,2 | -3,5 | -3,4 | -4,9 | -4,9 | -5,2 | -5,2 | -5,2 | -5,3 | 0,0 | 0,9 |
| Валути и депозити, нето | 274,4 | 359,3 | 454,1 | 338,3 | 371,6 | 466,0 | 467,0 | 453,1 | 404,1 | 332,0 | 446,4 | 440,3 | 473,0 | 32,7 | 7,4 |
| Заеми, нето | -1.608,8 | -1.942,1 | -2.465,8 | -2.525,4 | -2.791,8 | -2.926,3 | -2.894,7 | -2.962,6 | -2.881,6 | -2.869,5 | -2.806,6 | -2.815,5 | -2.768,1 | 47,3 | -1,7 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -229,1 | -130,8 | -144,8 | -148,7 | -42,9 | 79,4 | 100,7 | 94,9 | 102,4 | 105,1 | 56,7 | 87,3 | 80,8 | -6,5 | -7,5 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -94,6 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 1,4 | 1,5 | 1,7 | 0,5 | 0,6 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,0 | 12,4 |
| Девизни резерви | 1.597,5 | 1.714,5 | 2.068,9 | 2.193,3 | 1.993,0 | 2.436,5 | 2.261,8 | 2.613,4 | 2.534,4 | 2.399,9 | 2.271,4 | 2.336,3 | 2.577,1 | 240,8 | 10,3 |
| Специјални права на влечење, нето | -71,7 | -76,4 | -78,3 | -76,7 | -73,2 | -78,2 | -83,2 | -83,2 | -83,0 | -80,1 | -78,4 | -78,2 | -77,5 | 0,7 | -0,9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 7.6.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ.